**РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**
**ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА РЕВИЗИЈА**

**Бр.1403-240/6**

**Скопје, 21.07.2008 година**

**ДО**
**ГРАДОНАЧАЛНИКОТ НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА**

## КОНЕЧЕН ИЗВЕШТАЈ НА ОВЛАСТЕНИОТ ДРЖАВЕН РЕВИЗОР

1. Предмет на овој Конечен извештај е извршената ревизија на финансиските извештаи на Органот на општина Гази Баба за 2007 година, кои се прикажани на страните од 7 до 9.

2. Ревизијата на финансиските извештаи од точка 1 на овој извештај е извршена согласно член 38 од Законот за финансирање на единиците на локалната самоуправа, член 2 став 1 и 2 од Законот за државна ревизија и Годишната програма за работа на Државниот завод за ревизија согласно член 9 од Законот за државна ревизија.

3. Не е вршена ревизија, ниту сме издале било каков извештај, за финансиските извештаи на Органот на општина Гази Баба за годината која и претходи на годината која е предмет на оваа ревизија.

4. Финансиските извештаи од точка 1 на овој извештај се одговорност на раководството на субјектот од точка 1 на овој извештај, застапувано од:

- Коце Трајановски, градоначалник на општина Гази Баба во 2007 година.

5. Одговорност на ревизорите е да го издадат овој извештај, прикажан на страните 1 до 6 и да дадат мислење за финансиските извештаи од точка 1, засновано на извршената ревизија.

6. Ревизијата од точка 1 на овој извештај е планирана и извршена во период од 04.04. до 25.04.2008 година, од страна на тим на Државниот завод за ревизија.

7. Цел на ревизијата на финансиските извештаи од точка 1 на овој извештај е да овозможи ревизорот да изрази мислење:

- дали финансиските извештаи вистинито и објективно ја искажуваат финансиската положба и резултатот на финансиските активности во согласност со применетата законска регулатива;
- дали е остварено законско и наменско користење на средствата кои претставуваат државни расходи.

8. Финансиските извештаи кои се предмет на овој извештај се засновани на годишната сметка составена според важечките прописи во Република Македонија со извршени рекласификации поради добивање на појасна слика.

*Ул:"Маршал Тито"бр.12/3*
*Палата Македонија-Скопје;*
*тел: 3211-262; факс: 3126-311*

*Овластен државен ревизор*

______________________

9. Ревизијата е извршена во согласност со стандардите за државна ревизија на Меѓународната организација на Врховни ревизорски институции (ИНТОСАИ) кои се пропишани за примена во Република Македонија при вршењето на државната ревизија. Овие стандарди бараат ревизијата да се планира и подготви, со цел да се добие разумно уверување дека финансиските извештаи се ослободени од значајни погрешни прикажувања. Ревизијата вклучува испитувања на докази, проценување на користени сметководствени принципи, како и на важни проценки направени од страна на раководството на субјектот од точка 1 на овој извештај, давање општа оценка за презентацијата на финансиските извештаи и давање оценка за конкретни финансиски трансакции. Веруваме дека извршената ревизија ни обезбедува разумна основа за изразеното мислење.

10. Со писмо број 05-3314/3 од 09.07.2007 година примени се забелешки по Предходниот извештај - Сметка на органот на општина Гази Баба од Градоначалникот на општината. Забелешката на наодот од точка 10.4.2. не се прифаќа од причина што истата не претставува забелешка туку претставува известување за преземени мерки.

11. Со ревизијата на финансиските извештаи за 2007 година, ревизорите на Државниот завод за ревизија го утврдија следното:

**11.1. Систем на интерни контроли во процесите**

**11.1.1. Процес на плаќање**

При оценка на системот на интерните контроли кај процесот на плаќање, ревизијата констатира дека воспоставените интерни контроли не можат да обезбедат доволно ниво на сигурност и не можат да спречат ризик од плаќање по некомплетна, неликвидирана и непотврдена од одговорни лица документација што е спротивно на Законот за јавна внатрешна финансиска контрола.
Причина за овие ризици е:
- непостоењето на пишани процедури за движење на документацијата;
- немање упатство за материјално финансиско работење;
- немање упатство за благајничко работење;
- не е назначено лице ликвидатор на документација, и
- не е назначен овластен сметководител.
Ова придонесува да се вршат плаќања по документација која не е ликвидирана, комплетна и веродостојна и создава можност за ненаменско и незаконско трошење на средствата.

**Препорака:**
- Градоначалникот на општина Гази Баба да иницира постапка за изготвување пишани процедури во кои јасно ќе бидат дефинирани надлежностите и одговорностите во процесот на безготовинско и готовинско плаќање;
- Градоначалникот да назначи одговорно лице за ликвидирање на документите пред нивно одобрување за плаќање;
- да назначи одговорен сметководител;
- Министерството за финансии да преземе активности за целосна имплементација на обврските кои произлегуваат од Законот за јавна внатрешна контрола.

**11.1.2. Процес на плати**

При оценка на системот на интерните контроли кај процесот на исплата на плати на вработените во административните органи на општина Гази Баба, ревизијата

констатира дека воспоставените интерни контроли не го спречуваат ризикот од неоткривање грешки при пресметката на платите. Системот за дневна евиденција не обезбедува податоци за времето на присутност и различни видови влез и излез, освен евидентирање почеток на работното време. Причина за оваа состојба е што вработените имаат пристап низ два влеза: еден со инсталиран електронски систем на евиденција кој не работи, друг слободен влез и не постојат пишани процедури во процесот на пресметка, исплата и евидентирање на платите .

**Препорака:**
- Градоначалникот на општина Гази Баба да преземе активности за изготвување интерни пишани процедури со јасна поделба на надлежностите и овластувањата на лицата кои ја изготвуваат и контролираат платата;
- да се инсталира соодветен систем за евиденција на дневна присутност.

**11.2. Неправилна примена на сметководствени политики и начела**

11.2.1. Пописот на средствата и изворите на средствата на општина Гази Баба со состојба на 31.12.2007 година не е целосно извршен во делот на пописот на обврските што не е во согласност со Законот и Правилникот за сметководството на буџетите и буџетските корисници и Правилникот за начинот и роковите за вршење на попис и усогласување на сметководствената со фактичката состојба на општина Гази Баба. Пописот на обврските спрема добавувачите со состојба на 31.12.2007 година содржи само спецификација на обврските, без да биде утврдена реалноста, застареноста на искажаните износи и причината за ненавремената исплата.
По пописот не е спроведено книжење за расход на канцелариски инвентар во износ од 128 илјади денари.
Непочитување на законските обврски може да доведе до искажување на нереални состојби во сметководствената евиденција и финансиските извештаи.

**Препорака:**
Пописната комисија да врши попис на обврските спрема добавувачите, согласно одредбите од Законот за сметководството на буџетите и буџетските корисници и Правилникот за начинот и роковите за вршење на попис и усогласување на сметководствената со фактичката состојба донесен од општина Гази Баба.

**11.3. Неправилности во искажувањето на приходите/расходите**

11.3.1. Ставката Основни плати и надоместоци во Билансот на приходи и расходи, е искажана во поголем износ од 3.725 илјади денари, поради исплата на надоместоци за советниците и претседателот на советот спротивно на одредбите од Законот за локална самоуправа и тоа:
- исплата на надоместоци за присуство на седници на советот во повисоки износи од законски утврдените;
- за учество во работа на работни тела;
- за проучување на материјали;
- контактирање со институции и граѓани, посета на месни заедници, општествени организации и здруженија на граѓани;
- присуство на советници при склучување на бракови, и
- исплати на надоместоци за месец август иако не е одржана седница.

Ваквиот начин на исплати придонесува за незаконско и ненаменско користење на средствата на општината и до зголемени трошоци. Во месец октомври 2007 година донесена е Одлука за утврдување на надоместок на членовите на советот на општина Гази Баба согласно Законот за дополнување на Законот за плати и други надоместоци

на пратениците во Собранието на Република Македонија и другите избрани и именувани лица во Републиката која се применува од месец декември 2007 година со што оваа неправилност е надмината.

**11.4. Неправилности во искажување на позициите во Билансот на состојба**

11.4.1. Општина Гази Баба во својата евиденција нема евидентирано дел од имотот добиен согласно Решението број 23-257/20 од 08.02.2000 година, за пренесување на право на сопственост на недвижен имот од Република Македонија на општина Гази Баба врз основа на спроведен делбен биланс, донесено од Владата на Република Македонија. Поради тоа искажаната состојба на материјалните средства на 31.12.2007 година не ја претставува реалната состојба на материјалните средства и изворите на истите.
За имотот со кој располага општината и е нејзина сопственост, за време на ревизијата покрената е постапка за обезбедување имотни листи од Државниот завод за геодетски работи Одделение за премер и катастар, Скопје.

**Препорака:**
До обезбедување имотни листи за имотот добиен со решението од Влада на Република Македонија, да се изврши проценка на имотот согласно Методологијата за проценка на пазарната вредност на недвижниот имот а одделението за сметководство да извршат вонбилансно евидентирање на истиот.

11.4.2. Проценетата вредност на ставката Материјални средства во делот на подставката Опрема е нереална и необјективна бидејќи општината има добиено како донација компјутери и машини за чистење за кои нема извршено проценка на нивната вредност, ниту пак се евидентирани во сметководствената евиденција што е спротивно на одредбите на Правилникот за сметководство на буџетите и буџетските корисници.

Во фазата на Забелешки по Предходен извештај субјектот постапил по препораката на ревизијата, презел соодветни мерки за надминување на овие состојби за што до Државниот завод за ревизија достави соодветни докази.

11.4.3. Позицијата Краткорочни обврски спрема добавувачите на 31.12.2007 година е неточно искажана поради пребиени долговни и побарувачки салда без да биде утврден основот на долговните салда, што е спротивно на Законот за сметководството на буџетите и буџетските корисници. Ваквиот начин на искажување на позицијата Краткорочни обврски спрема добавувачите во финансискиот извештај Биланс на состојба придонесува за нереално искажани обврски и нереални финансиски извештаи.

**Препорака:**
Службата за сметководство целосно да ги искажува состојбите на краткорочните обврски спрема добавувачите а за долговните салда да се утврдат причините и да се евидентираат на соодветните сметки согласно сметковниот план за буџетите и буџетските корисници.

**11.5. Неправилна примена на Законот за јавни набавки**

11.5.1. При увидот во начинот на спроведување на постапките за јавни набавки за 2006 и 2007 година ревизијата утврди неприменување на одредбите од Законот за јавни набавки и тоа:
а) при спроведување на постапките за јавни набавки постапувано е спротивно на член 12, 57, 36 и 20 од Законот:

- во Одлуката за утврдување на потребата од јавна набавка не е одредена количината на набавката туку се оди со единечна мера и вкупна проценета вредност;
- во содржината на повикот за набавка со отворен повик и ограничен повик стои дека ,,набавувачот го задржува правото на исполнувањето на предметната обврска да го подели на повеќе понудувачи,, ;
- тендерската документација за отворен повик и ограничен повик не ги содржи задолжителните елементи кои во зависност од предметот на набавката се неопходни за изготвување на понудата како: модел на договор, образец за начинот на пополнување на фактурата;
- мандатот на претседателот на комисијата за јавни набавки е повеќе од два мандата;

б) во делот на начинот на спроведување на постапките за јавни набавки (општи одредби) постапувано е спротивно на член 54, 85 и 89 :

- по отворен и ограничен повик не се врши избор на еден најповолен понудувач туку се избираат повеќе понудувачи. Изборот на повеќе понудувачи се сведува на неспроведување на јавна набавка и ја штити општината од можни жалбени постапки;
- со избраните најповолни понудувачи се склучуват договори за работа/услуга/набавка по нивните понудени цени. Избраните најповолни понудувачи се ангажираат по усна или писмена покана без одредени критериуми;
- по спроведените постапки за јавни набавки договорите не се склучуваат секогаш во законски предвидениот рок од седум дена од денот на истекот на рокот за поднесување на жалба, односно од денот на конечноста на одлуката по жалба. Поради таквата пракса на склучување на договорите по истекот на законски утврдениот рок, можно е, да е веќе истечен рокот на важноста на прифатлива понуда која е основа за склучување на договор за испорака на стоки, услуги или извршување на работи;

г) спротивно на член 72 и 19 од законот е постапувано кај набавките од мала вредност:

- кај постапките за набавки од мали вредност во вкупен износ од 1.159 илјади денари констатирани се следните неправилности: барањето за потреба од јавна набавка, одлуката и записникот за избор на најповолен понудувач немаат дата, понудите се со дата пред барањето и одлуката за јавна набавка (Прилог број 1 од Извештајот);
- во два случаи кај набавка од мала вредност понудата е изразена во евра на кој износ се и склучени договори, иако како понудувач не се јавува странско правно или физичко лице;

Причина за оваа состојба е што нема задолжено лице за водење на постапките, туку набавките ги вршат повеќе лица од секторите.

д) набавки за кои не е спроведена постапка за јавна набавка:
- не е спроведена постапка за извршени услуги за печатење во износ од 568 илјади денари што е спротивно на член 29 од Законот за јавни набавки.

Спроведувањето на постапки за јавни набавки, спротивно на Законот за јавни набавки, создава можност за фаворизирање на одредени фирми, ја спречува конкуренцијата и придонесува за набавки по зголемени цени.

**Препорака:**
Да се воспостават процедури и постапки кои ќе обезбедат соодветна примена на одредбите од Законот за јавни набавки, почнувајќи од планирање, евалуација, избор на најповолен понудувач, до спроведување на договорите склучени со најповолните добавувачи.

12. Според наше мислење, освен за наодите во точките 11.1., 11.2. и 11.4. финансиските извештаи ја претставуваат вистинито и објективно финансиската состојба на Органот на општина Гази Баба на ден 31 декември 2007 година, и резултатот од финансиските активности за годината која завршува со тој датум согласно важечката законска регулатива.

13. Според наше мислење, освен за наодите во точка 11.3.1. и 11.5. кај Органот на општина Гази Баба за 2007 година, остварено е законско и наменско користење на средствата во финансиските трансакции кои претставуваат државни расходи за 2007 година.

**14. Прифатени и корегирани неправилности од страна на Органот на Општина Гази Баба во текот на ревизијата**

**14.1. Корекции кај Билансот на состојба**

14.1.1. Вкупниот ефект од прифатените и спроведени корекции од страна на субјектот во текот на ревизијата е зголемување на материјалните средства во Билансот на состојбата за 56.644 илјади денари, на инвестициите во тек за 3.956 илјади денари и други долгорочни вложени и здружени средства за износ од 150 илјади денари со соодветни зголемувања и корекции кај Пасивните временски разграничувања и Изворите на деловни средства како кореcподентни сметки.

15. Обрнуваме внимание во овој извештај, дека во однос на судските спорови што ги води општина Гази Баба, состојбата е следна:

Општина Гази Баба е тужена странка во повеќе судски спорови во вкупен износ од 12.830 илјади денари и тоа:

- по основ на обврски по неплатен долг и каматни листи од 11 правни субјекти за вкупен износ од 11.536 илјади денари;
- по основ на неплатен долг, нарушено владение и надомест за материјална и нематеријална штета од 3 физички лица за вкупен износ од 1.294 илјади денари;
- по основ на надомест за експропријација, утврдување на работен однос, исплата на плати, надомест на штета, од 7 физички лица на неопределен износ;

Општина Гази Баба е тужител во судски спорови и тоа:

- со едно физичко лице по основ на побарувања за надомест на штета на износ од 60 илјади денари.

Конечна разврска по ова прашање засега не може да се утврди ниту пак е изразена резерва по овој основ за евентуални ефекти врз финансиските извештаи на општина Гази Баба за годината која завршува со 31 декември 2007 година.

16. Во врска со наодите од ревизорскиот извештај за 2004 година, за сметката на Органот на општина Гази Баба, ревизијата констатира дека за најголем број препораки преземени се мерки согласно важечката законска регулатива и е постапено по истите, освен во неколку случаи по кои не се преземени мерки и состојбата е идентична и во 2007 година, а се однесуваат за: неевидентирање на капиталните вложувања на соодветните сметки за материјални средства во употреба со Пасивни временски разграничувања, материјални и нематеријални средства со државниот јавен капитал и немање материјална евиденција на залихите на ситен инвентар.

**Скопје 15.07.2008 година** **Овластен државен ревизор**

## ОРГАН НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА

## БИЛАНС НА ПРИХОДИ И РАСХОДИ ЗА 2007 година

во 000 денари

| Опис на позицијата | Образложение | 2007 | 2006 |
|---|---|---|---|
| **Приходи** | | | |
| Даночни приходи | | 29.693 | 32.720 |
| Неданочни приходи | | 5.944 | 3.986 |
| Трансфери и донации | 3.1. | 108.084 | 96.568 |
| **Вкупно приходи** | | **143.721** | **133.274** |
| **Расходи** | | | |
| **Тековни расходи** | | | |
| Плати, наемнини и надоместоци | 3.2.1. | 24.855 | 19.950 |
| Резерви и недефинирани расходи | 3.2.2. | 253 | 287 |
| Стоки и услуги | 3.2.3. | 42.503 | 40.180 |
| Субвенции и трансфери | 3.2.4. | 5.345 | 3.377 |
| Социјални бенефиции | 3.2.5. | 2.394 | 808 |
| **Вкупно тековни расходи** | | **75.350** | **64.602** |
| **Капитални расходи** | | | |
| Капитални расходи | 3.3. | 68.371 | 68.672 |
| **Вкупно капитални расходи** | | **68.371** | **68.672** |
| **Вкупно расходи** | | **143.721** | **133.274** |

**ОРГАН НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА**

**БИЛАНС НА СОСТОЈБА НА ДЕН 31.ДЕКЕМВРИ 2007 година**

во 000 денари

| Опис на позицијата | Образло-жение | 2007 | 2006 |
|---|---|---|---|
| **Актива** | | | |
| **Тековни средства** | | | |
| Побарувања за дадени аванси, депозити и кауции | 4.1.1. | 235 | 431 |
| Побарувања од вработените | 4.1.2. | 62 | 62 |
| Активни временски разграничувања | 4.1.3. | 40.919 | 69.490 |
| **Вкупно тековни средства** | | **41.216** | **69.983** |
| **Постојани средства** | | | |
| Материјални средства | 4.2.1. | 68.871 | 11.779 |
| Материјални средства во подготовка | 4.2.2. | 3.956 | 0 |
| Долгорочни кредити и позајмици дадени во земјата и странство и орочени средства | 4.2.3. | 150 | 0 |
| **Вкупно постојани средства** | | **72.977** | **11.779** |
| **Вкупна актива** | | **114.193** | **81.762** |
| **Пасива** | | | |
| **Тековни обврски** | | | |
| Краткорочни обврски спрема добавувачи | 4.3.1 | 39.488 | 68.363 |
| Краткорочни обврски за плати и други обврски спрема вработените | 4.3.2. | 1.431 | 1.126 |
| Пасивни временски разграничувања | 4.3.3. | 4.253 | 494 |
| **Вкупно тековни обврски** | | **45.172** | **69.983** |
| **Извори на средства** | | | |
| Извори на капитални средства | 4.4.1. | 69.021 | 11.779 |
| **Вкупно извори на деловни средства** | | **69.021** | **11.779** |
| **Вкупна пасива** | | **114.193** | **81.762** |

**ПРЕГЛЕД**
**НА ПРОМЕНИ НА ИЗВОРИ НА КАПИТАЛНИТЕ СРЕДСТВА ЗА 2007 ГОДИНА**

**во 000 денари**

| **О П И С** | **Државен јавен капитал** | **Вкупно** |
|---|---|---|
| **Состојба 01.01.2007 година** | **11.779** | **11.779** |
| **Зголемување по основ на:** | **62.955** | **62.955** |
| Набавки во текот на годината | 62.955 | **62.955** |
| **Намалување по основ на:** | **1.757** | **1.757** |
| Амортизација за тековна година | 1.757 | 1.757 |
| **Состојба 31.12.2007 година** | **72.977** | **72.977** |